**20130340877**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 март 2013 година.

Бр. 07 – 1137/1
2 март 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12 и 31/13), во членот 1 во новиот член 191-а зборовите: “најдоцна до 3 март 2013 година“ се заменуваат со зборовите: “најдоцна до 8 март 2013 година“.

Член 2

Одредбата од членот 1 од овој закон ќе се применува само за првите редовни избори за членови на совет и градоначалник кои ќе се одржат по влегувањето во сила на овој закон на 24 март 2013 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".